**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-2131/50
Датум:25.9.2013 г.
С К О П Ј Е

Врз основа на став 3 од членот 180 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, бр. 103/2008, бр. 26/2009, бр. 83/2009, бр. 99/2009, бр.115/2010, 17/2011, 51/2011, 15/2013 и 24/2013), и член 47 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, единица во состав на Универзитетот *Св. Кирил и Методиј*, наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 25.9.2013 година ја донесе следнава

# ОДЛУКА

за премин на нови студиски програми по ЕКТС

1. Студентите запишани на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје на студиската програма ИНФО во траење од 6 семестри, заклучно со учебната 2011/2012 година имаат обврска да ги ислушаат сите предмети предвидени со студиската програма заклучно со учебната 2013/2014 година.
2. Студентите од точка 1 на оваа одлука должни се да ги презапишуваат неположените предмети и да ги завршат наведените студии најдоцна до **14.9.2017** година.
3. Настава по предметите што ќе се презапишат ќе се држи на менторски начин.
4. Одлуката да се достави до: ННС, веб страницата, продеканот за настава, секретарот, Службата за студентски прашања, општата служба и архивата на Факултетот.

Декан,
Проф. д-р Миле Станковски